# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
# *НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ*


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **18.02. 2011 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 2** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Св.Николе за 2011**

Се објавува Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Св.Николе за 2011 бр. 0701 - 184 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 18.02. 2011 година.

**Бр. 0801-188**
**18.02. 2011 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.”бр.5/2002), член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.”бр. 61/2004 и 96/2004 и 22/2007) и Законот за буџети(“Службен весник на Р.М.” бр. 61/2002,98/2002,81/2005 04/2008, и Одлуката за извршување на Буџетот на општина Свети Николе бр.07-930 од 29.12.2010,Советот на Општината Свети Николе на седницата одржана на 18.02. 2011 година, донесе:

***ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ***
**Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Св.Николе за 2011 година**

**Член 1**

Во член 7 бројот **„15”** се заменува со Бројот **„10”**

**Член 2**

Во член 16 став 1 алинеја 2 и 3 од Одлуката износот од **„75.30”** се заменува со износотот **„73.85”**

**Член 3**

Во член 23 став2 износот **„100 ЕУР”** се заменува со износот **„6.000,00”** денари

**Член 4**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на општина Свети Николе”

**0701-184**
**Свети Николе**
**18.02.2011год.**

**Претседател на Совет на Општина**
**Свети Николе**
**Васко Пашовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршениот редовен годишен попис во Општина Свети Николе со состојба 31.12.2010 година од Централна пописна комисија**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршениот редовен годишен попис во Општина Свети Николе со состојба 31.12.2010 година од Централна пописна комисија за 2011 бр. 0701 - 185 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 18.02. 2011 година.

**Бр. 0801-188/2**
**18.02. 2011 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од законот за локална самоуправа ( “Службен весник на РМ “ бр 5/2002 ), Советот на Општина Свети Николе на Седница одржана на ден 18.02.2011 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за извршениот редовен годишен попис во Општина Свети Николе со состојба 31.12.2010 година од Централна пописна комисија**

1.Се усвојува Извештајот за извршениот редовен годишен попис во Општина Свети Николе со состојба на 31.12/2010 година од Централната пописна комисија.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе ".

**Бр. 0701-185**
**18.02.2011 год.** **Преседател,**
**Свети Николе** **на Совет на Општина Свети Николе**
**Васко Пашовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона Овче Поле КО Амзабегово Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона Овче Поле КО Амзабегово Општина Свети Николе; бр. 0701 - 186 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 18.02. 2011 година.

**Бр. 0801-188/3** **Градоначалник,**
**18.02. 2011 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 7 точка 2 алинеја 4, а во врска со член 13 и член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија " бр.24/08 – пречистен текст и 124/10 ), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 18.02. 2011 година донесе

**О Д Л У К А**
**за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона Овче Поле КО Амзабегово Општина Свети Николе**

**Член 1**
Се пристапува кон изработка и донесување на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона Овче Поле КО Амзабегово Општина Свети Николе

**Член 2**
Изработката на планот ќе започне по добивање на услови за планирање на просторот од Органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на просторно планирање.

**Член 3**
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0701 -186** **Претседател,**
**18.02. 2011 година** **на Советот на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Васко Пашовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за измена и дополна за отпочнување постапка за изработка на Детален урбанистички план за У.Е.1 плански опфат меѓу ул."Карпошева" "Македонска" ,"Кочо Рацин " и "Октомвриска ",Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за измена и дополна за отпочнување постапка за изработка на Детален урбанистички план за У.Е.1 плански опфат меѓу ул."Карпошева" "Македонска" ,"Кочо Рацин " и "Октомвриска ",Општина Свети Николе бр. 0701 - 187 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 18.02. 2011 година.

**Бр. 0801-188/4** — **Градоначалник,**
**18.02. 2011 год.** — **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** — ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 7 став 1 точка 2 алинеја 2 и член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија " бр.51/05,бр.137/07 , бр.91/09 и бр. 124/10), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 18.02.2011 година донесе

**О Д Л У К А**
**За измена и дополна за отпочнување постапка за изработка на Детален урбанистички план за У.Е.1 плански опфат меѓу ул."Карпошева" "Македонска" ,"Кочо Рацин " и "Октомвриска ",Општина Свети Николе**

**Член 1**

Се отпочнува постапка за изработка на Детален урбанистички план за У.Е.1 планскиопфат меѓу ул."Карпошева" "Македонска" ,"Кочо Рацин"и"Октомвриска" Општина Свети Николе

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр. 0701 -187** — **Претседател,**
**18.02. 2011 година** — **на Советот на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** — **Васко Пашовски с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Св.Николе за 2011 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 1

2.Извештај за извршен попис на Општина Свети Николе . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.2 за 2010 година

3. Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона Овче Поле КО Амзабегово Општина Свети Николе . . . . . . . . . .. . .. . . . . стр. 3

4. Одлука за измена и дополна за отпочнување постапка за изработка на Детален урбанистички план за У.Е.1 плански опфат меѓу ул.”Карпошева” “Македонска” ,”Кочо Рацин “ и “Октомвриска “,Општина Свети Николе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.4

**Бр. 0701 -189**
**18.02. 2011 година**
**Свети Николе**